ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО


# ОПШТИНСКИ ИНФОРМАТОР
# ИНФО ДЕЛЧЕВО

БРОЈ 24 АПРИЛ 2022


ТОП ВЕСТИ:

- Заврши изградбата на новата улица „3“ во Централното градско подрачје
- Заврши првата фаза од рехабилитацијата на полскиот пат кон с. Вирче
- Партерно уредување на градскиот парк
- Се продлабочува соработката со пријателските земји во Измир

## Заврши изградбата на новата улица „3“ во Централното градско подрачје



**Заврши првата фаза од рехабилитацијата на полскиот пат кон с. Вирче**



**Партерно уредување на градскиот парк**



**Се продлабочува соработката со пријателските општини во Измир**




Општина Делчево
Ул. „Светозар Марковиќ“ бр.1
tel. +38933411550
web: delcevo.gov.mk
email: info@delcevo.gov.mk

# Одржана 8 Седница на Советот на Општина Делчево



Советниците ја одржаа 8 редовна Седница на Советот на Општина Делчево на која го усвоија Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Делчево за 2022 за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022.

Извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за првиот квартал од 2022 година, изнесува 25% односно од вкупно планираните приходи во износ од 286.088.378 денари за првиот квартал односно за првите три месеци во годината, се реализирани 71.96.344 денари.

Од нив, во Основниот буџет, од планирани 97.117.000 реализирани се 23.611.978 денари или 24,3%.

На седницата е донесена и Одлуката со која се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВОЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВОНИЗВОДНО- фаза 2“ кој** ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година од корисниците на средствата. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува **11.004.545 ден.**За реализација на проектот во должина од500метри е потребно да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево од 20%.

Советниците дадоа приоритет и на проектот **Реконструкција на локален пат Л-14 Делчево – с.Стамер – Општина Делчево- прва фаза** кој ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Биро за регионален развој во рамките на Програматазарамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година**,** Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 5.732.947,40 денари. За реализација на проектот во должина од1300метри потребно е да се обезбеди учество од Буџетот на Општина Делчево во висина од 10%.

На Седницата, усвоени се и: Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026, како и Годишниот извештај за работењето на Центарот за развој на Источен плански регион за 2021 година со Годишен финансиски извештај за 2021 година; Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година; Годишната сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година; Донесена е и Одлука за ослободување од плаќање надомесок за уредување градно земјиште за добивање одобрение за градење Фотоволтаична централа на терен со капацитет цца 250 KW лоцирана на К.П.бр.118, 119,120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Трабортивиште во општина Делчево; Донесени се и неколку одлуки од областа на урбанистичкото планирање, како и Одлука за изменување на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“ Делчево. Исто така е донесена и Одлука за одобрување финансиски средства во висина од **15.000** ден. на**Петар Богдановскиод** Делчево, како поддршка на неговото учество на Европското првенство во бодибилдинг и фитнес кое ќе се одржува од 5 до 9 мај во Санта Сузана, Шпанија.

Совет на Општина Делчево

Актуелности

# Заврши изградбата на новата улица во Централното градско подрачје



Заврши изградбата на новата улица „3“ во централното градско подрачје. Изградбата на улицата е во рамките на проектот „Подобрување на јавните општински услуги во Општина Делчево – Изградба на дел од улица „3“ во Централното градско подрачје“ кој се реализира преку Проектната единица на Министерството за финансии – Проектот за подобрување на општинските услуги МСИП 2, финансиран преку Светска Банка и кофинансирање на Општина Делчево.

На улицата која е во должина од 370 метри, ширина на коловозот од 6 м и тротоар од едната страна на коловозот со ширина од 2 метри, е изградена и дополнителна лента од 66 метри предвидена за автобуско и такси стојалиште со што се добива комплетно сообраќајно решение на сообраќајницата која го поврзува новиот градски пазар, односно ул „Индустриска“, со улица 4 и пешачкиот мост на река Брегалница.

Увид во работите изврши градоначалникот Горан Трајковски кој истакна дека изградбата на новата улица ќе даде квалитетно сообраќајно поврзување и ќе отвори нови перспективи, инвестиции и развој на овој дел од градот кој е во централното градско подрачје, но со децении стои неуреден и запоставен. Директна корист од реализација на овој проект ќе имаат сите жители на Општината и околните места, но и сите граѓани кои ќе го посетуваат новиот градски пазар, како и идните инвеститори во оваа централна зона, потенцираше Трајковски.

Изградбата на новата улица е во рамките на Вториот проект за подобрување на општинските услуги МСИП 2 преку кој се доискористуваат преостанатите средства од Договорот склучен со Министерството за финансии. Вредноста на проектот изнесува 8. 029 549,8 милиони денари. Поголем дел од средствата, односно 5.266.748 денари се преку проектната единица на Министерство за финансии .

Проектот за подобрувањенаопштинските услугиМСИП2 е финансиранпреку Светска Банка. Останатите средства се обезбедени по пат на кофинансирање од Буџетот на Општина Делчево.

Градежните работи за изградба на улицата ги изведува фирмата „БАУЕР-БГ ДОО Скопје“.

# Заврши првата фаза од рехабилитацијата на полскиот пат кон с. Вирче

Актуелности



Заврши рехабилитацијата на полскиот пат кон с.Вирче во Општина Делчево кој се рехабилитираше во рамки на проектот **„Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачја со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион“.**

Предмет на работа беше полскиот пат од приклучокот со општинскиот пат Вирче – Град кон с.Вирче во должина од 1000 метри кој поминува низ земјоделско обработливо земјиште, претежно овоштарници и ниви. По теренот кој се работеше, при поројни дождови беше оневозможено движењето со возила и со земјоделска механизација до земјоделското земјиште.

Работите на рехабилитација се однесуваа на расчистување на трасата, машинско планирање и набивање на подтлото, ископ и уредување на земјени канавки и набавка, транспорт и изработка на тампонски слој од дробеник со набивање до потребна збиеност.

Вкупната вредност за изведба на работите за рехабилитација согласно потпишаниот Договор помеѓу Центарот за развој на Источен плански регион и изведувачот СД Транс ДООЕЛ Славе увоз-извоз Делчево изнесува 1.534.532,42 денари со ДДВ.

Финансиските средства за реализација на овој проект беа обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година, преку Програмата за капитални субвенции за развој на планските региони во областа на земјоделството и руралниот развој за 2021 година, за чие искористување помеѓу Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Центарот за развој на источниот плански регион беше склучен Договор за финансирање.

Со реализацијата на овој проект за „Подобрување на руралната патна инфраструктура преку изградба на пристапни патишта во подрачјата со земјоделска дејност и обработлива површина во Источен плански регион“ директно се влијае на подобрување на руралната патна инфраструктура во непосредна близина на с.Вирче во општина Делчево, а најголема корист ќе имаат сопствениците и корисниците на обработливото земјоделско земјиште до кое директно се пристапува од оваа траса, а опфаќа површина од околу 36 ха.

За доршување на овој селски пат во должина од над 320 метри и негово поврзување со сообраќајната мрежа во с.Вирче (завршување на трасата), Општина Делчево и Центрот за развој на Источен плански регион на ден 21.03.2022 година потпишаа Договор за заедничка реализација на активност Рехабилитација на селски пат во село Вирче во општина Делчево во износ од 487.457,00 денари со ДДВ кои се обезбедени од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Актуелности

# Општините се подготвуваат за новата Програма на инструментот ИПА за меѓугранична соработка




Градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски, присуствуваше на заедничкиот состанок на Заедницата на општини на Република Бугарија и Република Северна Македонија во Сандански, Р. Бугарија. Заедничкиот состанок беше во рамките на Програмата за прекугранична соработка за периодот 2021-2027 год. на кој учествуваа градоначалници и претставници на општините од Североисточен, Источен и Југоисточен плански регион од Република Северна Македонија, како и општините од областите Благоевград и Ќустендил од соседна Бугарија.

На состанокот беа презентирани и резултатите од Програмата за прекугранична соработка за периодот 2014 -2020 година, а главна тема беше и соработката и координацијата меѓу националните и локалните власти, презентација на Програмата 2021-2027 г, а беа потенцирани и добрите практики.

Градоначалникот Трајковски ги презентираше резултатите на Општина Делчево од партнерскиот проект реализиран со Општина Благоевград, „Енергетски ефикасно осветлување во регионот Благоевград-Делчево”. Вредноста на Проектот изнесува 379 921,08 евра.

Во рамките на Проектот, Општина Делчево постави нови 760 ЛЕД диодни светилки во 7 населени места во Делчево, при што обезбеди енергетски ефикасно улично осветлување во 7 села (с. Габрово, с. Звегор, с.Разловци, с. Вирче, с.Град, с.Трaботивиште, с. Стамер) и дел од градот Делчево; Инсталирани се 760 ЛЕД -диодни светилки од кои 600 светилки 28 вати, 110 светилки од 50 вати и 50 светлки од 100 вати, а сменето е 45% од вкупното јавно осветлување и напрвен е зштеда од 60%.

На состанокот учествуваше и премиерот на Бугарија, Кирил Петков и министерот за локална самоуправа во Владата на РСМ, Горан Милевски.

# Во Делчево се одржа Седница на Советот за развој на ИПР




Делчево беше домаќин на 6-тата Седница на Советот за развој на Источно-плански регион. На седницата присуствуваа градоначалниците на општините од Источно-планскиот регион, на која едногласно се донесоа повеќе важни одлуки, меѓу кои и предлог- листата за рамонемерен регионален развој и проектите од регионално значење.
На Седницата беше разгледан и извештајот за одржаната Регионална форумската сесија и проектите кои ќе бидат финансирани од страна на Швајцарската агенција за развој и соработка.
За градоначалникот на Делчево Горан Трајковски од особена важност е што преку шемата за грантови Општина Делчево учествува со проектот за регулација на речното корито на река Брегалница.
-Проектот е со поголема финансиска конструкција од околу 32 милиони денари за кој се надеваме дека и Националниот совет, односно комисијата која ќе одлучува, ќе го означи нашиот проект како приоритетен и ќе биде финансиран, со што ќе може речното корито во централното градско подрачје да биде уредено, рече Трајковски.
Раководителката на Центарот за развој на Источно-планскиот регион, Зуица Ангелова додаде дека вкупната вредност на сите 6 проекти се во вредност од 72 милиони денари, од кои поголем дел ќе бидат кофинансирани од општините како грантови корисници.
Меѓу проектите кои ќе чекаат зелено светло за реализација се и проектите за реконструкција на Сината сала за развој на манифестациски туризам во Виница, реализација на втората фаза за изградба на колекторски систем во село Соколарци, проектот за подобрување на водоснабдувањето во Општина Зрновци, проектот за унапредување на спортско-рекреативниот туризам на Пониква и проект за унапредување на туристичката инфраструктура и електрификација на локалитетот „Баргала”.

Актуелности

Актуелности

# Делчево дел од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување ресурси




Општина Делчево е една од 24 –те нови партнерски општини на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите. На настанот насловен „Нови партнери за подобро општинско буџетирање“ во организација на Проектот на УСАИД, на кој присуствуваа претставници од Амбасадата на САД, претставници од министерствата за финансии и локална самоуправа, градоначалници, претставници од ЗЕЛС и меѓународната донаторска заедница, беа промовирани и клучните предизвици и препораки за подобрување на процесот на буџетирање и меѓувладините капитални трансфери до единиците на локалната самоуправа. Воедно, на овој настан, градоначалникот Горан Трајковски го потпиша Меморандумот за соработка за реализација на Проектот во Делчево.

Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите е петгодишен, а им помага на владините институции во земјава да ги соберат и самостојно да управуваат со ресурсите потребни за финансирање на услугите што ги бараат нејзините граѓани.

Инаку, со проектот на УСАИД во првата фаза беа опфатени 16 општини, а во втората уште 24 општини добиваат можност да се организират, да се екипираат и да изградат капацитети за вршење на работите за кои се задолжени според законот.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Иницијатива за збратимување на Општина Делчево со Општина Кемалпаша од Р. Турција



Делегација на Општина Делчево предводена од градоначалникот Трајковски на покана на градоначалникот од Општина Кемалпаша- Измир, Турција, Ривдан Каракајли, беше во посета на Општина Кемалпаша, Измир, а во рамките на традиционалниот Меѓународен фолклорен фестивал кој се одржува по повод Денот на детето во Измир, Турција на кој свои настапи имаше ФГ при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров“ кои го промовираа пијанечкото и македонското фолклорно богатство.

Во рамките на престојот во Турција, градоначалникот Трајковски оствари низа средби со градоначалници од неколку пријателски општини кои беа во насока на промоција на Делчево со интенција за продлабочување на соработката со општините.

На средбата со градоначалникот на Измир, Тунџ Сојер, се разговараше за традиционалното пријателство меѓу граѓаните на Делчево и на убавиот Измир, град со 6 милиони жители, но и за перспективите за соработка во сите други области. Трајковски по тој повод истакна дека посетата на Турција е одлична можност за промоција на Делчево и презентација на нашите заложби за развој, презентација на можностите за инвестиции во Делчево и во државата.

Воедно, Трајковски оствари и средба и со градоначалникот на Општина Чигли г- нот Utku Gümrükcü, додека на работната средба со градоначалникот на Општина Кемалпаша, Ривдан Каракајли се иницираше збратимување на двете општини со цел унапредување на меѓусебната соработка во сите области кои се од интерес за граѓаните на Кемалпаша и Делчево.

Градоначалникот Трајковски истакна дека унапредувањето на соработката меѓу двете општини значи и имплементација на добрите практики, а посебено на искуствата на Кемалпаша во процесот на развој на индустријата и отворњето нови работни места, но и размена на информации и за проекти и заедничко учество во проекти.

## Партерно уредување на градскиот парк

Актуелности



Партерно се уреди градскиот парк и просторот пред Спомен-домот АСНОМ со што овој централен простор во градот, каде се одржуваат културно-уметнички настани и друг вид собири од поголем обем, но е и место за прошетка и рекреација, ќе добие нов лик.

Градежните работи за доуредување и санирање на пешачките патеки и хортикултурно оплеменување на зелените јавни површини, ги извршуваат екипи на ЈКП „Брегалница“. Се работи на санирање и бетонирање на оштетените пешачки патеки, санирање и бојадисување на летната сцена, како и хортикултурно уредување на парковската површина. Оваа активност се спроведува поради големите оштетувања на патеките и летната сцена кои со децении не се санирани, а целта на активноста е да се осовремени просторот.

Инаку, од денеска започнаа и работите на санација на фоајето на Спомен-домот АСНОМ, а наредниве денови се изврши и санација на кровната конструкција на домот со што комплетно ќе се заштити објектот кој не е саниран повеќе години.

Исто така, се засадија над 1200 пролетни цвеќиња во парковите и јавните површини во градот Делчево.





# Хуманитарни пакети по повод верските празници



Во пресрет на големиот христијански празник Велигден, но и по повод светиот месец Рамазан, Општина Делчево и компанијата „Зегин“ донираа 30 хуманитарни прехранбени пакети наменети на семејства кои живеат во социјален ризик.

Петнаесет хуманитарни пакети, се дистрибуирани во црквата „Успение на Пресвета Богородица“ во Делчево, а исто толку прехранбени пакети се дистрибуираа и до Цамискиот одбор на градската џамија „Султан Мехмед Фатих II“, каде одговорните лица ќе ги распределат пакетите до своите верници на кои оваа помош им е непоходна и добредојдена.

Градоначалникот Трајковски изрази благодарност до компанијата „Зегин“ за нивната перманентна поддршка на хуманитарните акции, како општествено одговорна фирма.

-Со цел да се обезбеди побогата празнична трпеза и да се помогне на семејствата достоинствено да ги прослават големите верски празници и да се покаже дека никој не е заборавен, заедно со компанијата „Зегин“ донираме прехранбени пакети наменети за 15 христијански и 15 муслимански семејства кои живеат во социјален ризик во Општинава. Хуманоста е широк поим што значи да се помага секогаш и во секој момент, без разлика на верска, етничка и национална припадност.Нека се за многу години големите празници, нагласи Трајковски.

ДЕЛЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# Тестирање ПИСА за 36 ученици во Делчево



Од СОУ „М.М.Брицо“ 36 ученици се опфатени во рамките на најголемото меѓународно истражување ПИСА кое денеска се спроведува во Делчево.
Истражувањето кое е во рамките на Програмата за меѓународно оценување на учениците опфаќа ученици на возраст од 15 години, а на државно ниво овој период ќе бидат тестирани вкупно 7800 ученици.
По повод реализацијата на тестот, во Делчево престојуваше и директорката на Државниот испитен центар, Елизабета Наумовска која меѓудругото истакна дека во рамките на тестирањето се оценува подготвеноста на учениците за животот (како возрасни), се мери научната писменост, математичката писменост, писменоста за читање на учениците, како и креативно размислување на учениците.

-Резултатите од ова тестирање се важен индикатор за квалитетот на образованието во државава и каде сме ние во споредба со другите 85 држави на светско ниво. Сакам да истакнам дека за прв пат оваа година се приклучуваме кон светскиот тренд на електронско тестирање на учениците, за што се обезбедени компјутери од страна на Државниот испитен центар. Резултатите и опсежниот извештај од оваа студија ќе бидат објавени во декември 2023 година, нагласи Наумовска.
Пред почетокот на тестирањето директорката Наумовска имаше работна средба со градоначалникот на Општина Делчево Горан Трајковски на која се разговараше за значењето на успехот на учениците на меѓународниот тест ПИСА, како и за предизвиците во образованието.

Актуелности

Актуелности

# Објавен Конкурсот за уписи во средношколските центри




Министерството за образование и наука денеска го објави Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2022/2023 година.
Во објавениот Конкурс се наведени условите за запишување и критериуми за избор на учениците, потребните документи за запишување, наставните предмети од основното образование кои се предвидени во критериумите за рангирање на успехот на учениците, роковите за пријавување и насоки за спроведување на Конкурсот.
Во СОУ „М.М. Брицо“ во Делчево во прва година ќе се запишат 186 ученици во 6 паралелки со настава на македонски јазик според наставни планови и програми за:
Гимназиско образование – 136 ученици, 4 паралелки, 60 поени минимум.
Текстилно – кожарска струка – 25 ученици, 1 паралелка – техничар за изработка на облека/ техничар за моделирање на облека *(соработка со ВИТЕКС ДЕ ДОО,ФРОТИРКА – КОМПАНИ,ЛУКА – ТЕКС ДООЕЛ,Тренд Дизајн ДООЕЛ,ММЦ ПРОГРЕС ДООЕЛ,) мак 25 уч.1 пар.4 г.тр. 45 поени минимум
Хемиско – технолошка струка – 25 ученици, 1 паралелка – прехранбен техничар * (соработка со РУДИНЕ ММ ДООЕЛ Скопје).
Првото пријавување на учениците ќе биде на 14 и 15 јуни 2022, второто пријавување на 21 и 22 јуни 2022, а третото пријавување на 28 јуни 2022.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

Актуелности

# СОУ „М.М.Брицо“ го одбележа патрониот празник



Со пригодна свеченост делчевскиот средношколски центар СОУ„М.М.Брицо“ ја одбележа 98- годишнината од раѓањето на патронот Методи Митевски –Брицо, како и 61 -годишнината од постоењето на оваа образовна институција во Делчево .

По тој повод ученици од СОУ „М.М.Брицо“ подготвија пригодна програма, а пред присутните се обрати и вд директорката на училиштето, Дијана Цоневска која истакна дека прославувањето 61 година од постоењето обврзува да се продолжи со уште поголема ангажираност со цел да се постигнуваат уште поголеми резултати во воспитно -образовниот процес.

– СОУ „Методи Митевски – Брицо“денес е модерна образовна установа која ги следи сите актуелни новитети во поглед на унапредувањето на воспитно-образовниот процес и зајакнување на квалитетот на средното стручно образование. Опремена е со современи наставно-нагледни средства и помагала кои го поттикнуваaат и зголемуваат интересот на учениците, професорите перманентно стручно се усовршуваат СОУ„Методи Митевски – Брицо “е траен белег на едно постоење, непрекината врска на генерациите, наша сегашност и иднина.И надеж дека засекогаш тоа и ќе остане, потенцираше Цоневска.

Градоначалникот Трајковски испраќајќи честитка по повод патрониот празник порача дека отворањето перспективи, нови визии, воспriемање на европските вредности и подготовка на младите за пазарот на трудот, преку зајакнување на квалитетот на средното стручно образование и подготовка на младите кадри за нивната иднина, се приоритетите на Општината.

- Делчевскиот средношколски центар 61 година е нашата гордост и ме радува фактот што продолжува со својата успешна приказна пермаментно надградувајќи го воспитно-образовниот процес следејќи ги сите новитети со цел да биде посакувано училиште атрактивно за новите млади генерации. Им посакувам успешна работа, а како Општина даваме поддршка за секој предизвик во воспитно-образовниот процес, нагласи Трајковски.

Свеченоста започна со оддавање почит и положување свежо цвеќе пред бистата на Методи Митевски-Брицо во дворот на делчевската гимназија.

Актуелности

## Проектот „Супер училишта“ ги зближи Делчево и Пирот



Градење мир, култура и интеркултурулизам, решавање конфликти, но и кариерно советување и можности за долгорочно вмрежување се дел од целите на поектот „Супер училишта“ кој ги зближи двете средни училишта од Делчево и Пирот, Р Србија. Во делчевската гимназија „Методи Митевски – Брицо“ во тек се активностите од проектот во чии рамки се реализира првата размена со средното стручно училиште од Пирот, Р. Србија.

Проектот е организиран од Регионалната канцеларија за соработка со младите (RYCO) и Германската организација за регионална соработка (GIZ), а во рамки на активностите од првата училишна размена, ќе се реализираат серија обуки од повеќе области.

Претставници од Средното стручно училиште од Пирот, Р. Србија и од делчевскиот средношколски центар, остварија средба и со градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски. На состанокот се разговараше за предизвиците од дуалното образование, подобрување на квалитетот на стручното образование, но и за очекуваните резултати од реализацијата на Проектот „Супер училишта“.

Градоначалникот Трајковски изрази задоволство што двете училишта градат нова соработка која ќе даде придонес за проширување на видиците на учениците, размената на искуства, но и кариерен и личен развој.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Триесет садници за 30 години Царинска управа



По повод 30 години од осамостојувањето на Царинската управа на Република Северна Македонија, денеска на Царинската испостава на Граничниот премин Делчево беа засадени 30 садници. Засадувањето на садниците е една од активностите кои се планираат за достојно одбележување на јубилејот на Царинската управа.

Во акцијата, освен претставници од Царинската управа и Граничната полиција на Граничниот премин Делчево, и нивните колеги од царинските служби во соседна Бугарија, учество зеде и градоначалникот на Општина Делчево, Горан Трајковски и претставници од ТППЕ Делчево.

Градоначалникот Трајковски испрати честитки по повод јубилејот.

– Во пресрет на одбележувањето на Денот на македонската царина, 14 Април, испраќам честитки по повод празникот и воедно, би истакнал дека улогата на Царинската испостава на Граничниот премин Делчево, за нас делчевци и за развојот на економијата на самиот град, како погранично место, е круцијална. Граничниот премин е отворена врата за влез и за излез од државата, што подразбира брз, но и безбеден проток на стоки, слободен и контролиран премин на граѓани, што недвосмислено го прави нашиот град интересна транзитна точка, но е од големо значење и за фирмите од Делчево и воопшто, од регионот, нагласи Трајковски.

Управникот на Царинарница Штип, Иван Спасевски, потенцираше дека по повод јубилејот, Царинската управа ќе организира низа активности и акции.

До 1991 година царинската служба делуваше во рамките на поранешна СФРЈ. По осамостојувањето, Собранието на 14 април 1992 година го усвои Царинскиот закон со кој е основана Царинската управа на Република Северна Македонија која од тој момент го стекна суверенитетот и контролата на целото царинско подрачје на Република Северна Македонија.

Овој ден – 14 април, секоја година се прославува како **Ден на царината**.

Актуелности

Актуелности

# Светски ден на здравјето: Бесплатни здравствени прегледи во Делчево




Педесетина граѓани ја искористија можноста за бесплатни превентивни прегледи на пунктот, каде лекар мереше притисок и шеќер во крвта. Пунктот беше отворен по повод Светскиот ден на здравјето, 7 Април, а организатор на настанот е Комисијата за еднакви можности од Општина Делчево во соработка со ЈЗУ Здравствен дом „Гоце Делчев“ и Советот на млади.

Претседателката на Комисијата за еднакви можности, Јасмина Ќурчиска, истакна дека целта на оваа активност на КЕМ е да се промовираат превентивните прегледи како приоритетни и потребни во системот на грижата за јавното здравје.

Градоначалникот Горан Трајковски по повод 7 Април, испрати честитка до здравствените работници потенцирајќи дека тие се хероите на нашето време.

-Одлучни, храбри и хумани извојувавте победа над уште една пандемија која во историјата на човештвото ќе биде запишана како исцрпувачка и тешка, пандемија која се закани да ни го промени животот од корен. Затоа, денешниов ден, 7 Април, кога се одбележува денот на основањето на Светската здравствена организација (СЗО), традиционално е посветен и на здравствените работници, нивната улога и значење во грижата за нашето здравје, истакна Трајковски.

Во време на пандемија, загадена планета, болести коишто се во постојан пораст како рак, астма, срцеви заболувања, на Светскиот ден на здравјето во 2022 година, СЗО го фокусира глобалното внимание на итните активности потребни за одржување на здравјето на луѓето и целата планета, како и за поттикнување на движењето за создавање општества фокусирани на благосостојба.

ДЕЛ ЧЕВО

ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

www.delcevo.gov.mk

# Со пригодни свечености одбележан Денот на Ромите

Актуелности



Под мотото „Обединети во мир, просперитет и солидарност“, а по повод Меѓународниот ден на Ромите, 8 Април, во организација на Општина Делчево беше одржана пригодна свеченост на која градоначалникот Трајковски ги додели и традиционалните парични награди на најдобрите ученици Роми во трите образовни институции во Делчево.

Најдобрата ученичка Ромка во СОУ „М.М.Брицо“, Елиса Мемедова, ученичка во 3 година стручно образование, доби парична награда од 10.000 ден, најдобрите ученици Роми во двете основни училишта добија по 5.000 ден.:Гулизар Бајрамова, 9 одд. во ООУ „Св.Климент Охридски“ и од ООУ„Ванчо Прке“ Тарик Мемедов, ученик во 6 одд.

Наградите се мотивација за учениците Роми за да постигнуваат подобри резултати во образованието и да се натпреваруваат во знаења, истакна градоначалникот Трајковски кој во своето обраќање на свеченоста ги потенцираше заложбите на Општина Делчево за целосна интеграција на ромската заедница во Делчево, како и актуелните проекти во образованието, мерките од областа на социјалата, инфраструктурата и сл. кои носат подобар квалитет на животот на Ромите.

На свеченоста присуствуваше и државниот секретар во Министерството за правда, Мухамед Точи кој ги повика граѓанските организации, сите локални институции, но и претставниците од Владата, да помогнат за реализација на отворените прашања на ромската заедница, бидејќи просперитетот на една заедница не значи просперитет само на таа заедница, туку просперитет на целото општество.

Аксел Ахмедовски советник во Канцеларијата на Премиерот зборуваше за придобивките на ромската заедница во Делчево, но ги потенцираше и предизвиците на заедницата и планираните проекти за реализација.

Покрај кратката програма подготвена од ученици, беше премиерно прикажан и документарниот филм „Небо – Точак – Земја“ кој не потсетува на минатото, туку отвора нова перспектива на историјата на Ромите. Документарниот филм е финансиски поддржан од Филмски Фонд на Република Северна Македонија. По повод Меѓународниот ден на Ромите, пред административната зграда на Општина Делчево, беше дигнато ромското знаме.

Култура

## Наградена најредовната читателка Ромка



По повод Денот на Ромите, ЈЛБ„Илинден“-Делчево ја награди најдобрата читателка Ромка. Наградата ја добисредношколката Мелиса Ахмедова, која е најредовен читател од ромската заедница.

Директорката на ЈЛБ „Илинден“ Билјана Петровска честитајќи ѝ за наградата,испрати порака и за другите читатели Роми, да бидат поредовни и поактивни и во иднина да ги има во што поголем број.

-Има малку книги на ромски јазик, но ние како библиотека сме горди за секој нов труд. Воедно, со гордост ја чуваме и збирката поезија од роднокрајниот автор Сабри Демиров.Покрај тоа, библиотеката располага и со повеќе примероци на Македонско-ромскиот речник и Граматика на современиот ромски јазик.Речникот и граматиката, библиотеката ги доби како подарок од Општина Делчево. Од име на ЈЛБ„Илинден“ на сите Роми им го честитаме денешниот ден и како библиотека посакуваме веќе од утре да имаме повеќе книги напишани на ромски јазик и многу поголем број автори кои творат и создаваат на ромски јазик, истакна Петровска.

ОПШТИНА
ДЕЛЧЕВО
www.delcevo.gov.mk

# Во Делчево заврши реализацијата на проектот „Да промовираме култура"

Култура



Во Делчево заврши реализацијата на проектот „Да промовираме култура" кој го имплементираше Националната установа Центар за култура „Никола Јонков – Вапцаров". Во рамки на активностите како што информираше координаторот Кристијан Трајановски беа собрани поголем број ракотворби, донирани од граѓани на Делчево и околината.

-Во изминатиот период успешно го реализиравме проектот „Да промовираме култура". Акцијата се состоеше од собирање на ракотворби, фути, шамии, тријади, волнени чорапи, рачно изработени ткаенини, се со цел нивно зачувување.Во акцијата се вклучија граѓаните на Општина Делчево на кои им се заблагодарувам во мое лично име и во името на Центарот за култура кои знаат да го ценат богатството на нашата традиција, рече Трајановски.

Додаде дека Центарот за култура и понатаму ќе работи на зачувување на традиционалните вредности преку реализација на вакви проекти и во иднина.

# Делчевските играорци од ФГ при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" на фестивал во Турција



Делчевските играорци од Фолклорната група при НУЦК „Никола Јонков Вапцаров" го промовираа пијанечкиот и македонскиот фолклор на Меѓународниот фестивал по повод Денот на детето 23 април во Измир-Турција.

Директорот НУЦК, Методи Толевски, истакна дека настапувањето на овој фестивал е веќе традиција на Фолклорната група, а настапот е финансиран од Министерството за култура.

-Фолклорната група со 30 члена учествуваше на 7 настапи во Општина Кемал Паша. На концертите покрај претставници од локалните самоуправи од повеќе општини на Измир присуствуваше и делегација од Општина Делчево, како и претставници од Здружението на граѓани за Македонско- турско пријателство со седиште во Општина Делчево. Веруваме дека на најдобар и најквалитен начин ќе го презентираме пијанечкиот и македонскиот изворен фолклор, додаде Толевски.

Култура

# Одржан општинскиот натпревар „Млади библиотекари“



Антонела Николовска од ООУ„Ванчо Прке“, ќе ја претставува делчевската библиотека на државниот натпревар „Млади библиотекари“. Николовска освои најмногу бодови на општинскиот натпревар кој беше во организација на ЈЛБ „Илинден“.
Државниот натпревар „Млади библиотекари“ е во организација на Библиотекарското здружение на Македонија, а годинава ќе се одржи по 21 пат на 20 мај во НУУБ„Григор Прличев“ во Охрид.

# Првоаприлски детски свет



Светскиот ден на шегата, 1 Април, ја разбуди фантазијата на дечињата во Делчево кои традиционално на овој ден, маскирани во своите омилени ликови, го одбележуваат денот посветен на шегата.
Во двете основни училишта во Делчево, учениците од одделенска настава од 1 до 4 одделение на третиот час имаа свои активности во кои доминираа шегата, играта и песната, зачинето со „априлили“, на тој начин, разбудувајќи ја детската фантазија и влегувајќи во првоаприлскиот детски свет.
Во детската градинка „Весели цветови“ дечињата донесоа богатство од насмеани лица и маски од најразлични главни ликови од бајките, но и од нашето секојдневие, како доктори, полицајци, потоа, спајдермени, буба мари, самовили, принцези.
Во најразлични земји од целиот свет, **Денот на шегата** секоја година се слави на 1 април.Понекогаш го нарекуваат и денот на сите шегаџии. Први април не е национален празник, но секаде се прославува како ден кога многумина прават разни шеги и забави под маски.

Култура

# По шести пат изложба на ретроавтомобили во Делчево



На овогодишната шеста по ред изложба на ретроавтомобили која се одржа во Делчево, наградата за најстар автомобил ја доби Митко Стојчев од Бугарија за неговиот доџ, додека за најмлад учесник годинава беше прогласен младиот Давид Златковски. Освен овие награди беа доделени и награди за најдобро реставрирано и нереставрирано возило, а беа доделени благодарници за сите кои ги претставија своите возила во рамки на изложбата во Делчево на која учествуваа над 100 возила од Македонија, Бугарија и Србија.

Настанот беше во организација на здружението „King’s of the road’s”, а под покровителство на Општина Делчево. Градоначалникот Горан Трајковски, истакна дека радува фактот што Делчево добива уште една традиционална манифестација која ги надминува локалните граници и го запишува Делчево на листата европски градови, каде ревијата на ретроавтомобилите е посебна традиција и атракција.

Од годинава активно учество во организација на настанот, зеде и Федерацијата на олдтајмери на Македонија. Програмата за време на настанот беше збогатена со настап на рок групата „Троја“.









## Општина Делчево


Ул. „Светозар Марковиќ“ бр. 1
2320 Делчево
Телефон: +389411550
E-mail: info@delcevo.gov.mk
web: delcevo.gov.mk



**Издава: Општина Делчево**
**Уредник: Даниела Такева**
**Техничка обработка: Влатко Мицевски**
**Соработник: Благица Петровска**
**Фотографија: Општина Делчево**
**Лектор: Даниела Такева**


**„ИНФО ДЕЛЧЕВО“ на веб:**
**delcevo.gov.mk**